# FOREVER

MACEDONIA

Јули 2018 | Број 201



# Ти си орел




**Менаџер ОРЕЛ е клучна програма за секој сопственик на Форевер бизнис кој сака да постигне повеќе.**

Не престанувам да повторувам – моќта на Менаџер ОРЕЛ е во тоа како се одразува на вашиот бизнис. Го избравме орелот како симбол на оваа впечатлива програма за стимулирање не само затоа што е лого на Форевер, не затоа што ѝ прилега на нашата марка или само затоа што нѝ се чини соодветен. Причината е што гледаме орел во секој од вас!

На нашата средба во Далас, членот на Глобалниот лидерски тим- Ким Мадсен нѝ раскажа за кокошката и орелот – лекција од која сите може да научиме. Тоа ме потсети за историјата на мало момче, кое еден ден се качило на планината, искачувајќи се сѐ повисоко помеѓу боровите и преку долините, додека стигнало до еден гребен кој се издигал над огромните пасишта околу неговата фарма. Таму видело гнездо со две јајца. Храбро посегнало и го зело едното, го ставило во џебот, потоа се спуштило назад по падините и го однело дома, за да види што ќе се испили.

По неколку месеци еден човек поминувал покрај фармата и забележал голем орел, застанат на оградата покрај плевната. Застанал зачуден од птицата, за да ја види одблизу. Момчето се приближило, без да сфати што го фасцинирало мажот. „Од каде го добивте овој орел?" – прашал тој. Момчето одговорило: „Тоа не е орел, туку кокошка."

Низ смеа мажот го подигнал орелот на раката и му кажал: „Извиши сѐ, полетај, ти си орел." Птицата скокнала на земјата и почнала да колва во песокот. Решен да му покаже на момчето какво величествено суштество открило, мажот се искачил по скалата на покривот на плевната со орелот застанат на раката, и одново ѝ рекол на птицата: „Извиши сѐ, полетај, ти си орел." Орелот плеснал со крилјата, скокнал на земјата и пак почнал да колва.

На крај, мажот го замолил момчето да го следи на планината. Се искачиле на високиот гребен токму кога изгревало сонцето. Мажот уште еднаш ја подигнал птицата и ѝ кажал: „Извиши сѐ, полетај, ти си орел." Орелот ги раширил огромните крилја, погледнал кон планините и со последен величествен поглед кон момчето се извишил над долината, над врвовите на дрвјата, носејќи сѐ гордо.

Понекогаш не знаеме или не гледаме за што сме способни. Историјата за орелот и кокошката нѐ потсети дека сме такви, какви што мислиме дека сме. Ако веруваме дека можеме да ги рашириме крилјата и да полетаме кон височините, нема причина да не успееме. Ако размислуваме на големо и не ги прифаќаме ограничувањата кои сами си ги поставуваме или сме дозволиле другите да нѝ ги наложат, можеме да постигнеме нешта за кои дури и не сме мечтаеле.

Квалификацијата за Менаџер ОРЕЛ за 2019 год. неодамна започна. Постави си за цел да ја постигнеш и ќе видиш колку многу можеш да израснеш и ти, и твојот бизнис.

Извиши сѐ, полетај, ти си ОРЕЛ.

Продолжувајте да се смеете,

**Gregg Maughan**



# ЛИДЕРОТ ВО ТЕБЕ



Според експертите, просечен човек може да преживее околу два дена во суровиот студ и тешките услови на Андите.

**Нандо Парадо и 16 негови пријатели и соиграчи остануваат живи цели 72 дена, откако нивниот авион се срушил во 1972 год. Инспиративните победи над серијата последователни настани ја откриваат вистинската моќ на лидерството.**

„Тоа можеби е една од најневеројатните истории за лидерство во светот – рече Нандо пред 12-илјадната публика на Глобалното рели во Далас. – Знаете ли зошто? Бидејќи сите лидери загинаа и обичните луѓе мораа да поведат.“ Оваа мудра изјава е вкоренета во нешто многу подлабоко – во фактот дека секој има способност сам да ја одреди сопствената судбина; секој има способност да води.

Историјата на Нандо и Форевер бизнисот нè учат дека човек се претвора во лидер, а не се раѓа со раководни заложби. Во нашиот живот и работа има личности на кои гледаме со почит и ги следиме, за кои нѝ се чини дека се родени лидери. Може да изгледа дека овие ментори, спонзори, пријатели и роднини ги знаат одговорите на сите прашања и лидерството им оди од рака. И нема да лажам – навистина на некои им оди повеќе, отколку на други. Но во ситуација како таа на Нандо, во која сите лидери отишле за миг, способноста на другите да застанат на чело зборува за подлабока вистина – во секој од нас се крие лидер.

Секој има способност да прави избори кои го движат неговиот живот напред. Можеме да избереме и да чекаме. Ако го чекаме моментот во кој ќе се чувствуваме комфорно, кога ќе ги имаме одговорите на сите прашања или пак друг тек на околности, може и никогаш да не го реализираме својот полн потенцијал или да се покаже премногу касно. Дури и да ви се чини дека имате премногу време за да ја постигнете следната цел, да го промените својот живот или пак да одите на одмор на место за кое секогаш сте мечтаеле, тоа може да одмине за миг. Времето тече брзо и нештата се менуваат за секунда – толку, колку што му требало на авионот да се сруши на Андите.

Нандо Парадо ја заврши својата приказна на Глобалното рели со мудрата порака „ако секој ден во животот го правите тоа што го сакате, вие ја создавате иднината“. Не чекајте погоден момент да станете лидер, туку направете си свој сопствен пат. Длабоко во себе ги имате потребните способности.

Засекогаш Ваш,

Rex Maughan






# ВАЖНИ ПРОМЕНИ

стапуваат на сила од 1 јули 2018г.

## Минимално зголемување на цените од 1 јули

Форевер Ливинг Продактс – најголемиот во свет производител на високо квалитетни алое производи за здравје и убавина, се стреми да ви ги предлага на вас и вашите клиенти најдобрите производи на пазарот, производи кои навистина прават разлика.
Цената на нашите напори, како и сè друго, е под влијание од инфлацијата. Дојде време делумно да го одразиме овој фактор и во нашите цени. Од 1 јули 2018 год. препорачаната цена за клиенти ќе се зголеми за 3% на сите европски пазари.
Ако не ги прилагодиме нашите цени соодветно, инфлацијата ќе влијае и на вашата куповна моќ, така што зголемувањето на цените всушност ќе има позитивен ефект врз вашите доходи од Форевер (заработувачката од продажби и вашите бонуси).

## Отпаѓа минималната порачка за новус клиенти

Од 1 јули отпаѓа минималната вредност на порачката за НОВУС КЛИЕНТИ. Транспортните трошоци за достава на порачките остануваат непроменети. Додека не станат квалификувани за купување по цени на големо- Асистент Супервизори со амбиција за градење на бизнис, ние ги гледаме НОВУС КЛИЕНТИТЕ како потрошувачи. Тоа е и една од причините тие да немаат право да спонзорираат (промена која е воведена на крајот на 2017 год.). Откажувањето на минималната вредност на порачка за НОВУС КЛИЕНТИ ќе стапи на сила на 1 јули 2018 год. во цела Европа. Минималната вредност на порачката за Асистент Супервизори и повисоките нивоа се задржува.



# САКАЈТЕ ГИ ПРОИЗВОДИТЕ,

## ЗБОРУВАЈТЕ СО ПОВЕЌЕ ЛУЃЕ, НЕ СЕ ОТКАЖУВАЈТЕ



*СТЕФАН И ТАЊА СТАЕВИ*

Драги пријатели,

Правилните навики и секојдневната примена се единствената тајна за успех во уникатниот систем за градење на сопствен бизнис, кои ги предлага маркетинг планот на Форевер. Бидејќи работите не стануваат едноставно така – си легнувате вечерта и кога ќе се пробудите наредното утро, вашите мечти за поразличен живот се оствариле. Не! Важно е да ги развивате правилните навики и да го исполнувате потребното секој ден – и пак, и пак. Ако тоа го правите и работите фокусирано, постојано ќе се приближувате кон успехот.

Сакајте и живејте ги производите – тоа е првиот важен чекор. Треба да ги користите производите. Треба да ги познавате. И не само тоа – тие треба да станат дел од вашиот живот, дел од вашето секојдневие. Важно е да ги сакате и употребувате постојано.

Овој месец ве предизвикуваме да користите повеќе алое! Лично вие! А потоа да ги научите и другите да го следат вашиот пример. Така ќе се чувствувате подобро, ќе имате повеќе енергија, ќе видите појасно што сакате да постигнете и вашиот бизнис ќе расте!

Кога ги сакате производите, однатре ќе ви доаѓа да зборувате со луѓето за нив, да споделувате со вашите пријатели и блиски како тие делувале на вас. Важно е да научите да зборувате со секого. Фокусирајте сè на разговори со повеќе луѓе! Бидејќи Форевер бизнисот расте само со постојано привлекување на НОВИ луѓе. Расте само кога не запираме да спонзорираме и ние лично, и луѓето од нашиот тим. Нема сомневање дека треба добро да спонзорирате, да спонзорирате квалитетни луѓе, да привлекувате квалификувани кандидати, но тоа ќе се случи кога ќе зборувате со повеќе луѓе, за да ги најдете најдобрите меѓу нив. Спонзорирајте повеќе луѓе овој месец и вашите бонуси сигурно ќе пораснат. Зборувајте со повеќе луѓе, раскажувајте им за одличната можност, наречена Форевер!

Секако дека успехот во Форевер не доаѓа лесно. Се бара трпение и упорност, применувајќи ги градивните навики СЕКОЈ ДЕН. Да, понекогаш тоа може да ви биде досадно. Но она што ги разликува успешните од неуспешните, е тоа што успешните никогаш не се откажуваат и продолжуваат напред. Затоа прилагодете го умот на бранот „Никогаш нема да се откажам!“

Да го следиме примерот на Рекс, кој и во најтешките моменти за Форевер, кога лесно му било да се откаже, никогаш тоа не го направил, никогаш не ве предал и не се откажал. Не го предавајте и вие, не се предавајте себе си и сигурно ќе успеете!

Секој се соочува со тешкотии. Секој минува низ тешки периоди, но треба да сте силни! Треба уште сега да донесете одлука дека независно што се случува, ЈАС НИКОГАШ НЕМА ДА СЕ ОТКАЖАМ!

Употребувајте ги производите, зборувајте со НОВИ луѓе секој ден и не се откажувајте! Работете со ентузијазам и сакајте ја работата и Форевер ќе ви се заблагодари повеќе од дарежливо. Тоа ви го гарантираме!



Засекогаш ваши,
Стефан и Тања Стаеви



# ЗОШТО ДА КОРИСТИТЕ ИНФИНИТ ОД ФОРЕВЕР?

**Стареењето е природен процес, но има многу фактори кои придонесуваат за негово забрзување или забавување. Тие можат да бидат поврзани со начинот на живот, исхраната, животната средина или козметиката, а нивното влијание врз секоја личност е различно.**

Има и други работи кои исто несомнено влијаат, како генетиката и типот на кожата, но околу 69% од оштетувањата се должат на надворешните фактори, предизвикани од самите вас и од околната средина на која ја изложувате кожата. За среќа, козметичките производи на Форевер можат да ви помогнат да направите нешто позитивно за забавување на стареењето. Со децении производителите на производи за нега на кожата се занимаваат првенствено со убавината однадвор, но тајната на сјајната кожа всушност се крие внатре во телото. Неверојатната нова козметичка колекција на Форевер предлага забележителни формули и природни состојки, кои работат во синергија за да го обноват балансот на влагата, стимулираат синтеза на колаген и да ги намалат видливите фини линии и брчки. Најубавото во новиот комплет за нега на кожата е специјалниот додаток во исхраната кој се спротивставува на знаците на предвременото стареење одвнатре нанадвор. Во целата програма Инфинит од Форевер се користени иновативни козметички состојки, наменети за смирување и разубавување на кожата.

Одлуката да направите неколку минимални корекции во секојдневниот режим може да покаже огромен ефект на здравјето и изгледот на вашата кожа. И овие речиси незабележливи промени благотворно ќе се одразат на вашата целокупна состојба. Но за да имате максимална корист од Инфинит од Форевер, треба негата на кожата да стане постојан дел од вашата рутина наутро и навечер. Така процесот постепено ќе стане редовна навика како миењето на забите!

Следете ги советите на Форевер како да ја негувате кожата одвнатре нанадвор и однадвор навнатре и наскоро ќе уживате во свежината и убавината.

## 01
## Хидратантен лосион за чистење




Богат со моќни состојки од природно потекло како екстракт и аминокиселини од јаболки и кокосови масни киселини кои ја подобруваат хидратацијата на кожата и нежно ги мијат нечистотијата и маснотиите, без да ја сушат кожата. По чистењето со нежниот лосион со млечна конзистенција, ќе ја почувствувате кожата влажна, мека и чиста – стабилна основа за останатите производи од вашиот анти-ејџинг режим. Со влажни прсти нежно протријте со лесни кружни движења нагоре и навнатре кон косата. Темелно исплакнете со вода за да ги отстраните шминката и нечистотиите, нежно избришете со крпа. За оптимални резултати употребувајте наутро и навечер.

# 02 Затегнувачки комплекс

Нахранете ја кожата со нутриенти со помош на првиот ексклузивен козметички додаток во исхраната на Форевер. Тој ја подобрува внатрешната состојба и се насочува кон знаците на предвременото стареење. Специјалната формула е развиена за поддршка на убавината одвнатре нанадвор. Комбиниравме витамин С кој придонесува за здраво формирање на колаген во кожата, биотин за поддршка на благосостојбата на косата и кожата и додадовме морски колаген. Протеинот богат со аминокиселини природно се среќава во телото и им дава структура и тонус на сврзните ткива. Земете по две таблети на ден. За оптимални резултати, земете ги наутро.







# 03 Затегнувачки серум

Насочете сè кон знаците на стареење со клинички докажаниот пептид со три аминокиселини, кој ги дополнува природните процеси во кожата, за да ја затегне и да ја намали појавата на фини линии и брчки. Комбиниран со природни состојки и нашето патентирано алое, серумот е богат хидратант кој ви дава чувство за мекост и цврстина, а тенот на вашата кожа е видливо посвеж. Притиснете ја пумпичката еднаш и нанесете со брзи, но внимателни лизгачки движења низ целото лице. За најдобри резултати нанесете количество од уште едно испумпување на вратот со лизгачки движења нагоре кон брадата. Употребувајте наутро и навечер по чистење на лицето.

# 04 Регенерирачки крем

Со повеќе од петнаесет состојки за нега на кожата Регенерирачкиот крем брзо се впива и остава чувство за хидрирана и мазна кожа. Кремот ги комбинира најновите дерматолошки откритија со алое, ефикасни растенија вклучително асаи и калинка, а витаминот В3 придонесува за израмнувањето на тенот и структурата на кожата. Употребувајте го секој ден за да ја зајакнете природната бариера на кожата, да ја обновите влажноста во прекумерно исушеното ткиво и дополнително да ги намалите знаците на стареење. Еднаш притиснете ја пумпичката и нанесете го кремот со лесни кружни движења нагоре и нанадвор кон косата. За оптимални резултати употребувајте наутро и навечер.



# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА МАЈ 2018 ГОДИНА

## СУПЕРВИЗОРИ

1. Бошковска Рада – Скопје
2. Ганди Билјана – Гевгелија
3. Гогушовска Снежана – Скопје
4. Милошевски Никола – Куманово
5. Петрушевска Слаѓана – Куманово

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Андоновски Даниел
2. Ангелова Тинка
3. Ангеловска Жанета
4. Арсовска Гордана
5. Асанова Мевљуда
6. Атанасовска Весна
7. Аврамова Валерија
8. Велковска Анита
9. Далипи Аријета
10. Дамевска Катерина
11. Денковиќ Александар
12. Димчева Јорданка
13. Димова Љубица
14. Дивјакоска Ванѓа
15. Дивјакоска Ковачовска Анета
16. Доковска Илиевска Марина
17. Дуранска Пешевска Александра
18. Георгиевска Станче
19. Гошев Дарко
20. Говедаровска Мирјана
21. Ѓорѓијева Мартина
22. Ѓориќ Жико
23. Зафировски Марио
24. Зеќири Емине
25. Илиева Жаклина
26. Јосимовска Драгана
27. Јованова Зорица
28. Јовановска Габриела
29. Јовановска Елена
30. Јовановска Габриела
31. Кипријановиќ Никола
32. Којчева Панда
33. Колева Ирена
34. Костовски Благој
35. Кузмановска Жана
36. Лазова Силвија
37. Мицев Игоче
38. Мишевски Стефан
39. Митровска Снежана
40. Младеновска Наташа
41. Мушевска Ана
42. Начовска Гочева Христина
43. Нацков Благој
44. Николиќ Бојана
45. Николоска Славица
46. Умура Сабит
47. Пачаноски Благојче
48. Паланкова Билјана
49. Петрушевска Билјана
50. Преметарска Моника
51. Серафимова Душанка
52. Славковиќ Колевска Милена
53. Смилкова Елизабета
54. Станојева Невенка
55. Стефановска Жаклина
56. Стефановски Марио
57. Стојменовиќ Данијела
58. Толевска Надица
59. Трајкова Петра
60. Трајковска Маја
61. Трајковска Бисера
62. Трајковска Оливера
63. Цакирпалоглу Христина
64. Чавлевска Дијана
65. Шаќири Амети Левдиа

## КЛУБ 4

**Клуб 4 – ниво 1**

Давид Милановски
Никола Милошевски

## ТОП 10

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Др. Роза Гелевска
2. Елена Гелевска
3. Др. Снежана Контра
4. Славица Донакова
5. Вера Златковска
6. Стевица Димовска
7. Катерина Трајчевска
8. Блага Крстеска
9. Слаѓана Маџова
10. Слафко Михајловски

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Елена Гелевска
2. Стевица Димовска
3. Жарко Георгиевски
4. Др.Роза Гелевска
5. Слаѓана Маџова
6. Вера Златковска
7. Славица Донакова
8. Македонка Петровска
9. Др.Гордана Николиќ
10. Др.Теута Ајети

**facebook**

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like

**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815; 2465826;
e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846 и 02 2465826 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.